**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.1* 2210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
*www.probistip.gov.mk  info@probistip.gov.mk*
***Одделение за урбанизам***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Бр. 10 – 147/5-__ од 28.04.2020 год.**
Пробиштип

**До** ______________________________________________
______________________________________________

ПРЕДМЕТ: **Известување-покана** за одржување на повторна јавна анкета и јавна презентација за донесување на ДУП за Блок 5.2 КО Пробиштип, Општина Пробиштип

Почитувани,

Врз основа на член 35 став (13) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ” бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и бр.168/18 год.), Ве известуваме дека

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА** (повторна)
со стручно презентирање на

**Предлог - Детален урбанистички план за Урбан Блок 5 Урбан опфат 5.2, Општина Пробиштип**, во м.в. Град, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со Тех. број 51/2018 од јануари 2020, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА“ Скопје, ќе се одржи повторно по **електронски пат**, која ќе биде објавена на ***web*** страната на Општина Пробиштип: ***www.probistip.gov.mk,*** во периодот од **06.05.2020 год.** до **14.05.2020 год**.

**ЈАВНА АНКЕТА** (повторна) по

**Предлог - Детален урбанистички план за Урбан Блок 5 Урбан опфат 5.2, Општина Пробиштип**, во м.в. Град, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со Тех. број 51/2018 од јануари 2020, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА“ Скопје, ќе се спроведе во периодот од **06.05.2020 год.** до **14.05.2020 год.** во времетраење од **7** (седум) **работни дена**, и во електронска и во писмена форма, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип. **Анкетни листови**, можат да се подигнат од Општинскиот услужен центар (шалтерот) во зградата на кино салата, и од **web** страната на Општина Пробиштип, или во електронска форма преку информацискиот систем **e-urbanizam.** Во прилог на анкетните листови да се достави копие од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

**Графичкиот прилог** од Предлог – ДУП за Урбан Блок 5 Урбан опфат 5.2, Општина Пробиштип, ке биде изложен на огласна табла пред влезот на Општинскиот услужен центар (шалтерот) во зградата на кино салата, во информацискиот систем **e-urbanizam** и на **web** страната на Општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***, а подетални информации во врска со овој ДУП може да се добијат во Одделението за урбанизам на Општина Пробиштип, кое се наоѓа во просториите на зградата на кино салата на вториот кат. Се`со цел навремено доставување на писмени забелешки, предлози или мислења преку анкетни листови и активно учество во повторната јавна анкета и јавна презентација, Ве покануваме да ја разгледате и направете увид во истата на ***web*** страната на Општина Пробиштип: ***www.probistip.gov.mk*** во периодот на времетраењето на јавната анкета од **06.05.2020 год.** до **14.05.2020 год**. Доколку во овој временски рок не доставите анкетни ливчиња, ќе се смета дека немате никакви забелешки, предлози или мислења по Предлог - планот за ДУП за Блок 5.2 КО Пробиштип, Општина Пробиштип.

Изготвил: Ј.Дукоска диа   Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska   **м.п.**
Одобрил: Б.Станојковски дги

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Градоначалник**
Драган Анастасов